# Локална младинска стратегија на Општина Чашка

# 2025-2029 година



**октомври 2024**

# СОДРЖИНА

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** **2**

**ПРОФИЛ НА ОПШТИНА ЧАШКА** **4**

Социо-економски карактеристики на општината 4

Население 4

Деловни субјекти 7

**1. СТРАТЕШКА РАМКА** **10**

1.1 Стратешки области 10

**2.МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА** **14**

**3.КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ** **15**

**4. СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА** **15**

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Општина Чашка во соработка со Центарот на активни граѓани Активо од Велес, спроведе процес на креирање Стратегија на млади на општина Чашка 2025-2029 година, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Партиципативниот процес на подготовката на оваа стратегија беше поддржан од проектот „Здружени за активно граѓанство" на Фондација НВО Инфоцентар, со средства од Европската Унија.

Здружението Активо во соработка со општината организираше неколку консултативни средби со млади во населените места Чашка, с.Извор и с.Горно Јаболчиште. Во отворен и партиципативен процес, младите од Општина Чашка имаа можност да ги идентификуваат стратешките приоритети, цели и активности. Процесот го водеа Дејан Ристов, координатор на проектот од Активо и Лидија Пљакова, советничка за аналитика и подготовка на проектни апликации за руралниот развој во Општина Чашка.

Стратегијата за млади беше изработена по претходно усвоена методологија за начинот и методите во процесот на планирање, како и поставена стратешка рамка со зададени области на интервенција кои беа интегрално преземени од Националната стратегија за млади за периодот 2023 – 2027, за да се обезбеди усогласеност со националните стратешки определби.

Градењето демократски, инклузивни и просперитетни општества почнува со младите и тие мора активно да бидат вклучени во сите сфери на општествено делување.

Со Законот за младинско учество и младински политики за прв пат во државава се дефинира категоријата млади, формите на младинско организирање и младинско учество, како на национално, така и на локално ниво.

Сите политики за млади, идеи и решенија, во насока на креирање подобар животен стандард за младите, ќе продолжат да се носат заедно со младите, во транспарентен и инклузивен процес.

Една од можностите за младинското учество е локалниот младински совет. Локалниот младински совет ќе бидат гласот на младите и преку него тие ќе имаат можност да започнат дијалог со локалните власти и отворено да дискутираат за младинските прашања, проблеми и интереси

Основни поими:

**Млади** се лица на возраст од 15 до 29 години.

**Младинска политика** е збир на мерки и активности кои се преземаат за да се задоволат потребите на младите, за остварување на нивниот целосен потенцијал.

**Младинско учество** претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат нивнуот живот.

*Поврзаност со други стратегии и планови :*

<u>Национална стратегија за млади 2023- 2027</u>

Националната стратегија за млади 2023-2027 е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите во Република Северна Македонија (РСМ). Главен императив на стратегијата е да ја унапреди положбата на младите во општеството поставувајќи основни принципи на делување, и цели и мерки кои нудат реформска рамка пред се за институциите,

но и за останатите чинители во овозможувањето на младите да ги остварат своите права, потреби и интереси.

Националната стратегија за млади е стратешки документ кој произлегува од обврските дефинирани со Законот за младинско учество и младински политики и претставува клучен механизам за унапредување на младинските политики и препознавање на потребите на младите во државата.

Дефинираните цели и мерки во стратегијата се креирани од страна на младите и институциите негувајќи партнерски однос, на начин кој се труди да обезбеди нивна остварливост во зададениот временски период, препознавајќи дека потребите на младите се динамични и менливи.

Под терминот „млади“ оваа стратегија ги опфаќа сите лица на возраст од 15 до 29 години.

Користената дефиниција на терминот млади произлегува од Законот за младинско учество и младински политики и е во согласност со дефиницијата за млади која се користи во Европската стратегија за млади. Националната стратегија за млади 2023-2027 опфаќа осум клучни тематски области:

1. Младинско учество
2. Младинско информирање
3. Младинска работа
4. Образование
5. Култура
6. Здравје
7. Претприемништво и поддршка пред вработување
8. Безбедност (насилство)

Националната стратегија придонесува кон намалување на сиромаштијата кај младите, сите форми на дискриминација и промовирање на социјалната вклученост на младите. Сите предвидени цели и мерки имаат за цел да обезбедат соодветна поддршка за сите ранливи групи на млади и подобро препознавање на нивните специфични потреби. Во рамки на тематските области преточени се и голем број на хоризонтални теми и предизвици како што се: родовата рамноправност, унапредувањето на животната средина, справувањето со кризи и шокови (како КОВИД-19), и дигитализацијата. Во дефинирањето на целите и мерките земени се предвид и политиките и принципите кои се врамени во Европската стратегија за млади 2019-2029 како и Целите за одржлив развој на Обединетите нации.

Европските младински цели 2019- 2027 , кои се вкупно 11 на број и ги одразуваат ставовите на европската младина и ја претсатвуваат визијата од која произлегува и Стратегија на млади на ЕУ 2019- 2027. Целите вклучуваат: 1. Поврзување на ЕУ со младите; 2. Родова еднаквоста; 3. Инклузивни општества; 4. Информации и конструктивен дијалог; 5. Ментално здравје и добросостојба; 6 . Унапредување на состојбтаа на младите во руралните области;7. Квалитетно образование за сите ;8. Квалитетно учење; 9. Простор и учество за сите; 10 . Одржлива зелена Европа, 11. Младински организации и европски програми

Локалната младинска стратегија на Општина Чашка (2017- 2021) опфаќаше приоритетни области и тоа: младинско информирање, младинско учество, локална младинска работа - вработување и образование (формално и неформално), квалитет на живот

## ПРОФИЛ НА ОПШТИНА ЧАШКА

### Социо-економски карактеристики на општината

Општина Чашка е рурална општина која се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија со површина од 825 км2.

Соседни општини со кои се граничи општината се: на исток - Велес и Градско, на север - Зелениково и Студеничани, на запад - Македонски Брод и Долнени и на југ - Прилеп и Кавадарци.

Општина Чашка има добра географска положба. Ги поседува најубавите и атрактивни предели на планините Јакупица, Даутица и Бабуна од запад, Клепа од исток, Караџица и Голешница од северо-запад. На територијата на општината е и највисокиот врв на Јакупица, Солунска Глава (2539м). Целата таа атрактивност на пределот го дополнуваат и реките Бабуна и Тополка. По течението на овие реки се простира алувијална рамнина настаната како резултат на наносите на реките која е многу плодна. Покрај реките Бабуна и Тополка како природен ресурс е и хидросистемот Лисиче.

### Население

На територија на општина Чашка се 42 населени места  и тоа: Чашка, Војница, Раковец, Дреново, Отиштино, Бањица, Бусилци, Голозинци, Горно Врановци, Мелница, Лисиче, Ново Село, Крива Круша, Крајници, Еловец, Витанци, Горно Јаболчиште , Долно Јаболчиште, Извор, Долно Врановци, Оморани, Мартолци, Владиловци, Крнино, Попадија, Поменово, Степанци, Смиловци, Стари Град, Богомила, Капиново, Плевење, Бистрица, Теово, Согле, Ореше, Нежилово, Папрадиште, Црешнево, Ораов дол, Габровник, Мокрени.

Општина Чашка согласно Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа спаѓа во Вардарскиот регион.

Според податоците од **“Попис на население 2021” Државен завод за статистика во Општина Чашка живеат вкупно 7942 жители, од кои 4083 мажи и 3859 жени.**

Административен центар на Општина Чашка е Населба Чашка, каде делуваат основното училиште ООУ „ Тодор Јанев“ , детската градинка „ БАМБИ“, полициската станица, Клуб за стари лица и локалната самоуправа, Дневен центар за лица со попреченост „ СРЕЌА“.

Општина Чашка се залага континуирано за подобрување на квалитетот и услугите за жителите.

*Табела 1: Вкупно резидентно население во Општина Чашка , „Попис на население 2021“*

| Општина | Вкупно резидентно население | Вкупно домаќинства | Станови |
|---|---|---|---|
| **Чашка** | 7942 | 2142 | 4728 |

*Табела 2: Население во Општина Чашка според петгодишни групи на возраст и пол*

| | Вкупно | Возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **0-4** | **5-9** | **10-14** | **15-19** | **20-24** | **25-29** | **30-34** | **35-39** | **40-44** |
| **Мажи** | 4083 | 336 | 384 | 329 | **273** | **273** | **268** | 271 | 244 | 248 |
| **Жени** | 3859 | 305 | 369 | 324 | **268** | **229** | **243** | 259 | 240 | 226 |
| | **Возрасни групи** | | | | | | | | | |

| | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ | Непозната возраст |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мажи** | 233 | 229 | 208 | 197 | 199 | 170 | 120 | 67 | 34 | 0 |
| **Жени** | 217 | 198 | 183 | 209 | 179 | 190 | 116 | 70 | 34 | 0 |

*Табела 3: Вкупно резидентно население во Општина Чашка според изјаснувањето за етничка припадност, основни групи, по пол*

| Етничка припадност | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Македонци** | 3071 | 1622 | 1449 |
| **Албанци** | 4032 | 1999 | 2033 |
| **Турци** | 373 | 202 | 171 |
| **Роми** | / | / | / |
| **Власи** | 1 | / | 1 |
| **Срби** | 24 | 14 | 10 |
| **Бошњаци** | 35 | 16 | 19 |
| **Други неспомнати** | 94 | 55 | 39 |
| **Не се изјасниле** | 3 | 1 | 2 |
| **Непознато** | 7 | 4 | 3 |
| **Лица за кои податоците се преземени од административни извори** | 302 | 170 | 132 |
| **ВКУПНО** | **7942** | **4083** | **3859** |

*Табела 4: Вкупно резидентно население на возраст од 5+години во формалното (редовно)образование според степен на образование , пол во Општина Чашка*

| Резидентно население | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Не посетува образование** | 5565 | 2809 | 2756 |
| **Основно образование** | 1237 | 627 | 610 |
| **Средно образование** | 294 | 180 | 114 |
| **Високо образование** | 148 | 95 | 53 |
| **Магистратура** | 11 | 7 | 4 |
| **Докторат** | 2 | 2 | - |
| **Непознато** | 44 | 27 | 17 |
| **ВКУПНО резидентно насление на возраст +5години** | **7301** | **3747** | **3554** |

*Табела 5: Работноспсобно население АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ ВРАБОТЕНИ според возраста и економската активност, по пол Општина Чашка*

| Возрасна група | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **15-19** | **14** | **12** | **2** |
| **20-24** | **108** | **67** | **41** |
| **25-29** | **170** | **125** | **45** |
| **30- 34** | 146 | 102 | 44 |
| **35-39** | 149 | 98 | 51 |
| **40-44** | 151 | 102 | 49 |
| **45-49** | 154 | 103 | 51 |
| **50-54** | 150 | 108 | 42 |
| **55-59** | 90 | 65 | 25 |
| **60-64** | 42 | 36 | 6 |
| **65+** | 15 | 10 | 5 |
| **АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ ВКУПНО** | **1189** | **828** | **361** |

*Табела 6: Работноспсобно население АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ НЕВРАБОТЕНИ според возраста и економската активност, по пол Општина Чашка*

| Возрасна група | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **15-19** | **28** | **23** | **5** |
| **20-24** | **82** | **67** | **15** |
| **25-29** | **60** | **47** | **13** |
| **30- 34** | 56 | 46 | 10 |
| **35-39** | 46 | 35 | 11 |
| **40-44** | 37 | 32 | 5 |
| **45-49** | 34 | 27 | 7 |
| **50-54** | 29 | 22 | 7 |
| **55-59** | 15 | 12 | 3 |
| **60-64** | 6 | 6 | - |
| **65+** | - | - | - |
| **АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ НЕВРАБОТЕНИ ВКУПНО** | **393** | **317** | **76** |

*Табела 7: Активно население на возраст од 15 години и повеќе кое врши занимање според дејноста, пол во Општина Чашка, Попис 2021*

| | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Општи програми и квалификации** | **380** | **288** | **92** |
| **Образование** | **78** | **43** | **35** |
| **Уметност и хуманистички науки** | **51** | **35** | **16** |
| **Општествени науки, новинарство и информирање** | **348** | **222** | **126** |
| **Бизнис администрација и право** | **111** | **58** | **53** |
| **Природни науки , математика и сттаистика** | **74** | **31** | **43** |
| **Информатичко – комуникациски технологии** | **33** | **29** | **4** |
| **Инженерство, производство и градежниште** | **401** | **316** | **85** |
| **Земјоделство, шумарство , рибарство и ветерина** | **71** | **62** | **9** |
| **Здравство и социјална заштита** | **84** | **23** | **61** |
| **Услуги** | **111** | **74** | **37** |
| **Непознато** | **198** | **116** | **82** |
| **ВКУПНО ПОЛЕ НА ОБРАЗОВАНИЕ** | **1940** | **1297** | **643** |

**НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА во Општина Чашка** (Извор Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување Велес)

*Табела 8: Преглед на евидентирани невработени лица други лица кои бараат работа*

| | Активни баратели на работа | | Пасивни баратели на работа | |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба** | **вкупно** | **Жени** | **вкупно** | **Жени** |
| 31.12.2021 | 953 | 454 | 294 | 158 |
| 31.12.2022 | 903 | 444 | 228 | 124 |
| 31.12.2023 | 891 | 441 | 239 | 141 |

## Деловни субјекти

*Табела11: Активни претпријатија според бројот на вработени во Општина Чашка (извор Статистички годишник на Република Македонија 2023, Област Деловни субјекти, Државен завод за статистика Република Македонија)*

| Состојба | Вкупно | 0 | 1-9 | 10-19 | 20-49 | 50-249 | 250+ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2021 | 87 | 2 | 78 | 1 | 6 | - | - |

*Табела12: Активни деловни субјекти по сектори според Националната класификација на дејностите Рев.2 во Општина Чашка*

| Сектори на дејност (состојба) | 2021 |
|---|---|
| **Вкупно** | **87** |
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 10 |
| **Рударство и вадење на камен** | 1 |
| **Преработувачка индустрија** | 6 |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | - |
| **Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината** | 1 |
| **Градежништво** | 6 |
| **Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли** | 26 |
| **Транспорт и складирање** | 15 |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 6 |
| **Информации и комуникации** | - |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување** | - |
| **Дејности во врска со недвижен имот** | - |
| **Стручни, научни и технички дејности** | 1 |
| **Административни и помошни услужни дејности** | - |
| **Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување** | 1 |
| **Образование** | 3 |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 9 |
| **Уметност, забава и рекреација** | 1 |
| **Други услужни дејности** | 1 |

*Табела 13: Здруженија на граѓани кои со своите активности делуваат на територија на Општина Чашка (Извор Социјален план на Општина Чашка)*

| ***Ред број*** | ***Здружение на граѓани*** |
|---|---|
| 1. | КУД„ Тодор Јанев“ Чашка |
| 2. | Здружение на граѓани за граѓански иницијативи “МЕЛ- МЕЛ 2023” - село Мелница Чашка |
| 3. | Извиднички одред „Димитар Влахов“ Велес ,<br>Извиднички центар село Голозинци, Општина Чашка |
| 4. | Еколошката Групација „Грин Пауер“ Велес<br>Планинарски дом Папрадиште, Општина Чашка |
| 5. | Здружение на пензионери Велес<br>Рекреативен дом за млади и стари лица„ Петар Поп Арсов“ Богомила , Општина Чашка |
| 6. | Организација на жените на Општина Велес<br>Делуваат Велес, Чашка и Градко |
| 7. | ЗГ Велес Бајкинг Велес |
| 8. | КПС АЗОТ , село Ореше, Општина Чашка |
| 9. | Општинска организација на Црвен Крст Велес<br>Делува Велес, Чашка и Градско |
| 10. | Здружение на граѓани Еколошко друштво АМБИЕНТАЛИСТИ село Горно Јаболчиште Чашка |
| 11. | Здружението на граѓани „Мото клуб – Носачи на крстот“ Велес<br>Делува Велес, Чашка и Градско |
| 12. | Здружение на земјоделци АГРО Центар Велес<br>Делува Велес, Чашка и Градско |
| 13. | АКТИВО Велес |
| 14. | Еколошко друштво „ Вила Зора“ Велес |
| 15. | Здружение на граѓани „ РАЗБОЈ“ Велес<br>Делува Велес и Чашка |
| 16. | СПД „ Зелен Рај“ Велес |

# 1. СТРАТЕШКА РАМКА

Целта на Локалната младинска стратегија е да се создадат нови и да се подобрат постојните услови за живот на младите во Општина Чашка .

Стратегијата ќе придонесе кон подобрување на генералната состојба на младите. Овој стратешки документ претставува петоказ и и дава јасни инструкции на локалната самоуправа, како треба да се движи развојот на локалната заедница и подобрување на генералната состојба низ призмата на младите и нивните приоритети.

Стратегијата се однесува на младите луѓе како ресурс, фокусирајќи се на долгорочни решенија, идентификација на потребите и развивање младински политики за младите луѓе да можат да го реализираат својот потенцијал како граѓани.

**Визија**

Младите во Општина Чашка, носители на позитивни промени, одржлива локална заедница во која ги остваруваат потребите и правата, со што им се овозможува достигнување на нивниот човечки потенцијал.

## 1.1 СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ:

### Област 1: МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

**ЦЕЛ: Зголемување на активното учество на младите**

**Стратешка цел 1.1:** Подобрени услови за учество на младите во креирање политики

**Мерки:**

1. Подобрување на информирањето на младите во Општина Чашка за можностите за учество на младите во процесите на крирање на политики.
2. Подобрување на информираноста на младите за настани и активности кои ги засегаат.
3. Назначување лице , службеник за млади во Општина Чашка.
4. Формирање локален младински совет.
5. Анализа на потребите на младите од сите населени места.
6. Креирање годишна програма за млади.
7. Назначување локални младински координатори во населените места.
8. Обезбедување финансиски средства за реализација на годишната програма за млади, со согласност со распределбата на буџетот.

**Стратешка цел 1.2:** Зајакнато влијание, знаења и вештини за учество на младите во сите процеси на донесување одлуки и во дигиталниот простор.

**Мерки:**

1. Едукација за поднесување на иницијативи до Советот на Општина Чашка во соработка со Локалниот младински совет.
2. Учество на младите во општинскиот буџет.
3. Зајакнување на капацитите на Локалниот младински совет за застапување на младинските потреби.
4. Вмрежување со младински совети од други општините, со здруженија на граѓани за остварување на целите на програмата и воведување иновативни практики.
5. Зајакнување на капацитетите за примена на модели на младинско учество, со фокус на службениците за млади.
6. Подигнување на свеста на членовите на Советот на Општина Чашка за потребата од суштинска примена на младинското учество во процесите на одлучување и креирање политики.
7. Поголема вклученост на младите во процесите на урбано планирање и дизајнирање на јавните простори, како и создавање можности за нивно користење.
8. Унапредување на дигиталната писменост (вештини за ИТ и примена на дигитални алатки) со фокус на службеници за млади, за поддршка на дигитално младинско учество и дигитална комуникација со млади.
9. Промоција на функционални дигитални алатки за младинско учество и поттикнување на младите за нивна примена, вклучувајќи практика за редовна повратна информација.

**Стратешка цел 1.3:** Подобрена вклученост на младите во звивање и спроведување на политики за заштита на животната средина.

**Мерки:**

1. Континуирана примена на програми за иницирање и спроведување зелени акции од страна на младинци, формални и неформални младински групи, мрежи, здруженија и фондации и др.
2. Развивање и спроведување кампањи за информирање и поттикнување на младите за учество во креирање зелени политики.
3. Поттикнување волонтерски активности за заштита на животна средина и вреднување на волонтерскиот ангажман.
4. Зајакнати и оддржливи капацитети на младинскиот сектор, како партнер во креирање политики за подобар квалитет на живот на младите.
5. Зајакнување на младинските организации за подобрување самоодржливоста.
6. Поттикнување и поддршка за формирање нови младински организации.
7. Обезбедување афирмативни мерки за поддршка на форми на младинско организирање, како и организации кои работат со маргинализирани групи.

**Област 2: МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ**

**Стратешка цел 2.1:** Зголемена свест за младинско информирање, збогатени содржини за млади и креирање нови содржини

**Мерки:**

1. Канцеларии за млади во населените места: населба Чашка, Извор, Богомила, Горно Јаболчиште и Горно Врановци.
2. Подобрување на условите за спорт и рекреација во населените места.
3. Организирање еко акции, јавни настани, кампови за млади и забава за млади.
4. Користење можности за младинска размена, едукативни и спортски настани.
5. Учество на младите во еко проекти за подигнување на јавната свест и обезбедување почиста животна средина.
6. Доедукација на млади и ворзасни лица (курсеви, специјализирани занаети, средно образование).
7. Можности за информирање на младите за дополнителна едукација.
8. Можности за користење на спортската сала во населба Чашка.
9. Зголемување на довербата меѓу младите и институциите на локално, регионално и национално ниво.
10. Поттикнување на континуирано вмрежување и соработка меѓу младите.

**Област 3: МЛАДИНСКА РАБОТА**

**Стратешка цел 3.1:** Младинска работа, општествено признаена и препознаена во развојот на младите

**Мерки:**

1. Зголемување на видливоста на младинската работа, активности за промоција , неформална едукација, волонтирањето, младински центри.
2. Зголемување на соработката на локално ниво, граѓанските организации, образовни институции, спортски клубови, ЕЛС.
3. Зголемување на достапноста на активностите за поддршка на развојот на програми за младинска работа.
4. Развој, унапредување и промоција на неформални едукации за градењ капацитети на младинските работници.

**Област 4: ОБРАЗОВАНИЕ , КУЛТУРА И ЗДРАВЈЕ**

**Стратешка цел 4.1:** Квалитетно учење на младите

**Мерки:**

1. Овозможување на кариерно насочување и советување на младите во сите нивоа на образование (основно, средно и високо).
2. Подобрување на врските меѓу училиштата и локалните бизниси.
3. Промоција на едукации за доквалификација на младите.
4. Создавање можности за младите за стекнување претприемачки вештини во образовниот процес.
5. Градење на култура на соживот и толеранција преку креирање можности за младите со различна културна позадина - да учат заедно, да учат едни за други и др.

6. Зајакнување на соработката меѓу училиштата на локално, регионално и национално ниво, во рамки на училишни размени/органиизрање заеднички активности и др.

**Стратешка цел 4.2:** Младите вклучени во создавање на културни политики и развој на култура

**Мерки:**

1. Отварање на дом на култура (населби Чашка и Горно Јаболчиште).
2. Збогатување на основните училишта со музички инстументи.
3. Информирање за неформална едукација и можости (отварање на КУД во Мелница, Извор и Горно Јаболчиште).
4. Зголемување на креативноста и иновативноста на младите и зголемување на интересот за култура и културно уметничко творештво.
5. Развивање програмски партнерства меѓу младите и локалните институции, во насока на заедничко планирање и реализација на културни и уметнички програми од интерес на младите.
6. Подобрување на пристапот и можностите за следење на културни настани од страна на младите.
7. Овозможување на културниу содржини за младите од населените места.

**Стратешка цел 4.3:** Едуцирани и информирани млади на тема здравје

**Мерки:**

1. Воведување врсничката едукација во рамки на формалното образование, за унапредување на здравствената култура и инфромираноста.
2. Обезбедување еднаков пристап до здравствени информации и здравствена заштита.
3. Зголемување на свесноста на младите за безбедноста, достапноста, значењето и користењето на вакцини и лекови.
4. Едукции, средби за млади (ментално здравје, врсничко насилство, семејно насилство, исхрана и здрава храна, никотин и алкохол, и др.).
5. Организирање турнир во мал фудбал во населба Чашка.
6. Фитнес справи на отворено во населените места (Извор, Мелница, Горно Јаболчиште, Долно Јаболчиште и Горно Врановци).
7. Базен во населба Чашка (отворен/ затворен рекреативен).
8. Отворање шаховски клубови за млади во населените места каде има основни и подрачни училишта.

**Област 5: ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ**

**Стратешка цел 5.1:** Создавање поволни услови за поддршка и развој на претприемништвото.

**Мерки:**

1. Јакнење на свеста за придобивките од претприемништво и стимулирање на претприемачкиот дух кај младите.

2. Поттикнување и поддршка на младите да започнат свој бизнис.
3. Подобрување на „меките“ вештини кај младите.
4. Создавање можности за комуникција на младите луѓе со веќе препознаени екперти, локални бизниси и др.
5. Активирање на младите луѓе кои не се вработени и кои не се вклучени во процесот на образование илиообука.

**Област 6: БЕЗБЕДНОСТ**

**Стратешка цел 6.1:** Подобрени услови за лична физичка безбедност.

**Мерки:**

1. Подобрување на инфраструктурата за слободно движење во јавниот простор.
2. Нови безбедни зелени површини и места за одмор и рекреација во населените места (пешачки рекреативни патеки, нови патеки др.).
3. Летниковец, населба Чашка
4. Рекреативна патека - под село Горно Јаболчиште до м.в Лајма (патека за маркација и нејзина промоција).
5. Маркирање на патека до Бегово Поле.
6. Прилагодување и овозможување на достапност и безбедна јавна инфраструктура за лицата со попреченост.
7. Зголемување на свеста и подобрување на капацитетите на општината за вклучување на младискиот совет во дизјан и реализација на мерки од безбедносен карактер на локално ниво.
8. Едукации за родово базирано насилство, врсничко насилство и сексуално вознемирување.

## 2.МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

Главната цел на следењето на реализацијата на стратегијата за млади е да се обезбедат релевантни информации за квалитетот на спроведувањето, динамиката на спроведување на активностите и секако, навремено да се идентификуваат предизвиците и проблемите, за да можат да се надминат со соодветни решенија.

Општина Чашка како носител на Стратегијата за млади, дополнително ќе подготви план за мониторинг и евалуација, во кој ќе се дефинираат одговорните страни за спроведување на предлог активностите за цел период на реализација, изворите на верификација на постигнатите резултати, како и базичните индикатори кои ја отсликуваат состојбата со младите во моментов, а се обезбедени низ партиципативниот процес на младите на консултативните средби во Општина Чашка при подготовката на Стратегијата.

Тим од Општина Чашка, исто така, ќе биде е задолжен и за спроведување и оценка за успешноста на Стратегијата, односно дали и во која мера поставените цели се релевантни на потребите, нивото на ефикасност и ефективност на предлог-мерките за унапредување на состојбата на младите во сите осум области и најважно, до кој степен спроведувањето на стратегијата имало позитивно влијание врз промената на состојбата на младите во општината.

## 3.КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Комуникацијата на Стратегијата за млади, како интерно меѓу засегнатите страни, така и кон јавноста, е една од клучните елементи од кои во голема мера зависи и достигнувањето на стратешките цели во сите осум области на дејствување.

Активностите за комуникација на целите, мерките и конкретните проекти кои се предвидени со Стратегијата за млади ќе се планираат врз принципот на транспарентност и вклученост, принципи врз кои се раководи и Општина Чашка во односите со јавноста. Оттаму, конзистентноста со политиката за транспарентност во комуникацијата на сите аспекти од Стратегијата за млади е императив за сите вклучени страни во нејзината реализација.

Основната цел на комуникацијата е подигање на свеста кај општата популација за важноста на младинските прашања и младинското вклучување во општествените процеси на територија на општина Чашка.

Одржливоста на резултатите кои ќе се постигнат со спроведување на Стратегијата за млади е директно зависна од степенот на информираност, вклученост и знаење за важноста на младинските прашања и предизвици. Оттаму, ширењето на информациите за спроведувањето на стратегијата за млади, до пошироката јавност и подигањето на јавната свест за младинските прашања се клучните аспекти при дефинирањето на алатките кои ќе се користат за комуникација од страна на сите вклучени страни.

Алатките кои ќе се користат во комуникацијата на стратегијата ќе вклучат традиционални и дигитални медиуми, неформални средби и дебати со млади, како и други јавни настани и активности. Дополнително, во тесна соработка со спортските клубови и ГО можат да се организираат специфични настани за таргетирана публика, како активности за информирање на младите во природа/планина, креативни лаборатории за млади за дизајнирање промотивни материјали и и други канали за ширење на информациите наменети замладите луѓе. При дефинирањето на алатките за комуникација пресудно е да се вклучат младите заради користењето на креативни техонолошки современи методи и комуникациски алатки.

Важноста на информирањето на младите се огледува и во тоа што тоа е издвоено како посебна стратешка област застапена, како во националната така и локалната стратегија за млади. Конкретно, во рамки на стратешките цели на Стратегијата за млади 2025 – 2029 предвидено е подобрување на состојбите со младинското информирање. Младите во Општина Чашка се во голема мера неинформирани за можностите за вклучување во општествените процеси при креирањето локални политики, како и за можностите за личен и професионален развој достапни во општината.

## 4. СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Временската рамка за спроведување на предложените активности или проекти е за период од 2025-2029 година. Партнери и носители на реализацијата се: Општина Чашка , Советот на Општина Чашка, локалните или регионалните здруженија, Министерство за спорт, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Центарот за вработување, Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, како и други национални и меѓународни институции.